**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6550 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**

  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*

  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.“*

- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*

  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*

  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.“*

- **Член 75-б од Изборниот законик**

  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес, кој емитува програма на македонски јазик, на регионално ниво (Д1), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на дневно-информативната емисија, Дневник во 20 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 5 часа 28 минути и 48 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Канал Еден | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Активности на органите на власт | | |
| Локална самоуправа | 00:08:22 | 78.44 % |
| Влада на РМ | 00:02:18 | 21.56 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:10:40** | **100 %** |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:46 | 4.22 % |
| ДИК и други органи | 00:05:12 | 28.60 % |
| Други субјекти | 00:08:56 | 49.13 % |
| Граѓански сектор | 00:01:05 | 5.96 % |
| Без субјекти | 00:02:12 | 12.10 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:18:11** | **100 %** |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 02:11:51 | 43.96 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:26:04 | 48.70 % |
| Левица | 00:08:07 | 2.71 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:07:42 | 2.57 % |
| Либерална партија | 00:02:20 | 0.78 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:03:29 | 1.16 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:24 | 0.13 % |
| **Вкупно за тема:** | **04:59:57** | **100 %** |
| **Вкупно:** | **05:28:48** | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 4 часа 59 минути и 57 секунди (Табела 1). Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба

да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ Канал Еден, емитува програма на подрачјето на две изборни единици – ИЕ3 и ИЕ4. Во ИЕ3 се кандидираа 8 учесници во изборниот процес (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, ДПА, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ), а во ИЕ4 се натпреваруваа 7 учесници (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ).

Од субјектите со по седум кандидатски листи, најмногу време има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 2 часа 26 минути и 4 секунди (48,70%), а потоа за Коалицијата предводена од СДСМ со 2 часа 11 минути и 51 секунда (43,96%). Коалицијата ВМРО за Македонија има 3 минути и 29 секунди (1,16%), а ДУИ е застапена со 24 секунди (0,13%). За Коалицијата за промени и правда со шест кандидатски листи има 7 минути и 42 секунди (2,57%). Од партиите и коалициите со по пет кандидатски листи, Левица е застапена со 8 минути и 7 секунди (2,71%), а Либерална партија со 2 минути и 20 секунди (0,78%).

За активностите на органите на власт, има информации само за Владата и за Локалната самоуправа. Локалната самоуправа е застапена во прилозите за: гасификација на тиквешкиот регион, со изјава на градоначалникот на Неготино, Ванчо Апостолов; седница на Советот на општина Велес, со изјава на претседателот на Советот – Александар Колев; изјава на градоначалникот на Велес, Славчо Чадиев и др. Владата на РМ во централниот информативен блок е застапена во прилозите за пошумување во општина Кавадарци, изјава на заменик - министерот за образование, Спиро Ристовски и преку изјавата на министерот за финансии, Кирил Миноски во однос на зголемувањето на пензиите.

Другите теми кои се поврзани со изборите изнесуваат 18 минути и 11 секунди од вестите (Табела 1). Од тоа најголем дел, во траење од 8 минути и 56 секунди (49,13%) се прилози во кои е застапена методолошката категорија „други субјекти", преку која се опфатени анкетите спроведени од агенциите „Брима Галуп" и „Павел Шатев", како и прилози во кои се информира за начинот на дистрибуција на гласачкиот материјал и начинот на гласање. Втора по застапеност е категоријата ДИК - 5 минути и 12 секунди (28,60%) во врска со информации за новиот принцип на гласање, преземените мерки за изборите, како и за последните подготовки на ДИК пред парламентарните избори. Методолошката категорија „без субјекти" е застапена со 2 минути и 12 секунди, преку која во прилозите се застапени анкетите со граѓани, спроведени на терен од ТВ Канал Еден.

Најмногу време за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови, е одвоено за Коалицијата предводена од СДСМ - 59 минути и 25 секунди (47,68%), и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 51 минута и 40 секунди (41,46%). Сите други субјекти, имаат по помалку од 10 минути. (Табела 2).

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Канал Еден | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:51:40 | 41.46 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:59:25 | 47.68 | % |
| Левица | 00:04:01 | 3.22 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:02 | 2.43 | % |
| Либерална партија | 00:01:17 | 1.03 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:44 | 2.19 | % |
| Влада на РМ | 00:00:40 | 0.53 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:48 | 1.44 | % |
| | **Вкупно: 02:04:37** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Телевизијата Канал Еден во периодот од 21 ноември до 9 декември, емитуваше серија интервјуа со претставници на политички партии во кои главна тема на разговор беа Предвремените парламентарни избори.

На 1 декември во 21 часот и 24 минути емитувано е интервју со Страшо Ангеловски – претседател на партијата МААК.

На 2 декември во 21 часот и 14 минути емитувано е интервју со Стевче Јакимовски, претседател на партијата ГРОМ. Репризата на ова интервју беше емитувана на 3 декември во 10 часот и 15 минути.

На 3 декември во 21 часот и 19 минути емитувано е интервју со Владимир Пешевски – ВМРО ДПМНЕ. Репризното издание на ова интервју беше прикажано следниот ден во 10 часот и 8 минути.

На 4 декември во 21 часот и 20 минути, ТВ Канал Еден емитуваше интервју со Панче Иванов, претставник на Коалицијата предводена од СДСМ. Ова интервју е репризирано на 5 декември во 11 часот и 2 минути.

На 5 декември во 19 часот и 11 минути емитувано е интервју со Марија Џонс, носител на пратеничка листа на партијата Левица. Интервјуто е репризирано на 6 декември во 10 часот и 26 минути.

На 5 декември во 21 часот и 29 минути, емитувано е интервју со Павлинка Честојанова, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ. Реприза е емитувана следниот ден во 11 часот и 50 минути.

На 6 декември во 21 часот и 23 минути, ТВ Канал Еден емитуваше интервју со Бетијан Китев, кандидат за пратеник од Коалицијата предводена од СДСМ. Интервјуто е репризирано на 7 декември во 10 часот и 12 минути.

На 7 декември во 19 часот и 10 минути, интервјуто е со Љупчо Николовски, носител на кандидатската листа на пратеници во ИЕ3 од Коалицијата предводена од СДСМ. Реприза е емитувана на 8 декември во 10 часот и 8 минути.

На 7 декември во 21 часот и 34 минути емитувано е интервју со Иван Стоилковиќ, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ. Реприза на ова интервју е емитувана во 11 часот следниот ден.

На 9 декември во 19 часот и 10 минути, емитувано е интервју со Јулијана Николова, Коалиција предводена од СДСМ.

Истиот ден во 21 часот и 20 минути емитувано е интервју со Неждат Мустафа, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ.

***Други програми***

Во текот на изборната кампања повеќе пати е емитувана емисијата „Светот на Сорос" составена од два дела. Учесници во емисијата се: новинарите Драган Павловиќ Латас, Миленко Неделковски, Мирка Велиновска, Бобан Нонковиќ, Борјан Јовановски, универзитетските професори Татјана Каракамишева, Владимир Божиновски, Зоран Витанов и др.

Првиот дел од емисијата „Светот на Сорос" е емитуван на 30 ноември со почеток во 10 часот и 36 минути, а репризиран е на 1 декември во 10 часот и 13 минути, на 2 декември во 10 часот и 29 минути, на 3 декември во 9 часот и 18 минути, на 4 декември во 7 часот и 13 минути, на 5 декември во 7 часот и 11 минути, на 6 декември во 10 часот и 50 минути, на 7 декември во 7 часот и 2 минути, на 8 декември во 7 часот и 12 минути, и на 9 декември во 10 часот и 33 минути.

На 30 ноември со почеток во 15 часот и 11 минути е емитуван вториот дел од емисијата „Светот на Сорос". Репризи се емитувани на 1 декември со почеток во 17 часот и 20 минути, на 2 декември во 14 часот,

на 3 декември во 13 часот и 14 минути, на 4 декември во 11 часот и 13 минути, на 5 декември во 17 часот и 19 минути, на 6 декември во 15 часот и 14 минути, на 7 декември во 13 часот и 10 минути, на 8 декември во 7 часот и 12 минути и на 9 декември во 13 часот и 11 минути.

***Сектор за програмски работи***